# Кина, Тибет, Everest Base Camp, Непал и Индија

## 22. април 2025. - 10. мај 2025.
## 19 дена - 16 ноќи

> Оваа есен одиме на неверојатна азиска авантура!
>
> Патувањето го започнуваме со посета на еден од најмодерните градови на #ЦелСвет - **Шангај**. Градот симболизира спој на традицијата и модерното време а воедно е и најголемиот успех на модерната кинеска цивилизација. Овој глобален финансиски центар и културна метропола привлекува огромен број на посетители со своите високи облакодери, историски квартови и живописни културолошки сцени.
>
> Продолжуваме кон **Ченгду**, град во провинцијата Сечуан позната по својата богата историја, култура и природни богатства. Токму тука се наоѓа најголемиот **резерват за панди** каде што ќе имаме можност да ги видиме овие мечки во нивното природно живеалиште како и да научиме за како се спасени овие животни од изумирање. Покрај резерватот ќе имаме шанса да ја посетиме **најголемата статуа на Буда** во #ЦелСвет во местото Лешан, која е под заштита на УНЕСКО.
>
> Од таму, со познатата **највисока железница на светот**, се упатуваме кон **Тибет** и Ласа. Ги обиколуваме манастирите Сера и Дрепунг, **Потала палатата** и присуствуваме на будистички молитви на 3500 метри надморска височина.
>
> Остануваме на покривот на светот и продолжуваме кон **Непал**, домот на боговите, за да се ослободиме од сѐ материјално и да доживееме катарза. Ги запознаваме будизмот и културата на овој народ кој живее во хармонија со природата. Шарените будистички храмови чуваат приказни на древни цивилизации, а патувањето во Непал ни останува во сеќавањата за цел живот. **Everest Base Camp** во Непал е дефинитивно сон на секој авантурист. Оваа спектакуларна авантура нуди не само незаборавен поглед на највисокиот врв на светот, туку и можност да се почувствува духот на вистинскиот истражувач. Поминуваме низ прекрасните хималајски пејзажи, преминуваме преку висечки мостови и престојуваме во традиционални планински села додека полека се искачуваме кон базниот камп на Еверест.
>
> На самиот крај, одиме во **Њу Делхи** – главниот град на **Индија**, сместен покрај реката Јамуна, на преминот од долината Инд кон долината Ганга. Од таму, одиме во обиколка на најпознатите одбележја, меѓу кои се **Портата на Индија** – подигната во 1931 година во знак на сеќавање на војниците загинати во Втората светска војна, потоа Лотосовиот храм – отворен за сите религии и претставува место за медитација, мир и спокој, како и гробницата на Хумајун – прекрасен пример на могулска

архитектура која послужила како инспирација за Таџ Махал!

Ова патување низ Азија е не носи низ некои од најинтересните дестинации во светот. Ги доживуваме азиските гиганти како никогаш досега и се соочуваме со култури стари илјадници години. Постојано скокаме од модерното кон традиционалното додека духот на овие народи ќе ни остави впечаток кој никогаш нема да го заборавиме. Без разлика дали сте љубител на културата, авантурата или природата, оваа рута ветува дека ќе ги исполни сите ваши очекувања. Подгответе се за незаборавна авантура која ќе ја раскажувате долго по нејзиниот крај. Ве очекуваме!

**НАПОМЕНА: Ова патување се реализира преку Белград**

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанок на аеродромот во Белград, два и пол часа пред летот. Лет од Белград за Доха на пладне. Пристигнување во Доха во вечерните часови и преседнување лет за Шангај.

**Превоз**
Авио карта со сите такси, со преседнување, на релација Белград – Шангај, во економска класа, со 25kg чекиран и 7kg рачен багаж.

**Место**
Белград, Доха

**Ден 2: Пристигнување во Шангај**

Конекција на летот за Шангај во текот на ноќта. Пристигнување во попладневните часови и се сместуваме. Конечно сме во Шангај – еден од најголемите градови на Кина а воедно и морско пристаниште на устието на реката Хуангпу во реката Јангце. Овој град е најголем е сообраќаен, трговски и индустриски центар на Кина со бројност од 25 милиони жители. Духот на Кина е пред нас а Шангај не чека со отворени раце. Транфер до сместувањето и уживаме во слободното време. **Ноќевање.**

**Превоз**
Локален трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
Хотел со 3* во Шангај **(1 ноќ)**

**Место**
Доха, Шангај (Shanghai)

**Ден 3: Факултативен излет -- Shanghai City Tour**

Појадуваме и ја започнуваме нашата авантура во Кина. Прво ги посетуваме градините Ју Јуан (или попознати како градини на задоволството), едни од најубавите во Кина. Сместени во центарот на стариот дел на Шангај, овие градини се оаза на мирот и убавина. Потоа го истражуваме квартот Јујуан, скриен меѓу облакодерите, кој се обидува да го задржи својот автентичен дух. Улиците се полни со луѓе, продавници и прекрасни кинески куќи со впечатлива архитектура.

Градините Ју Јуан, создадени во 16 век, се отворени за јавноста од 1961 година. На површина од 20.000 m² се наоѓаат традиционални павилјони, езера, рибници, егзотични карпи, вековно дрвје и цвеќиња. Градините се поделени на шест тематски зони. Една од најпознатите атракции е карпата од жад, висока три метри со 72 дупки. Ако запалите свеќа под неа, димот магично ќе излегува низ сите дупки, а ако се налие вода, таа ќе се слее низ нив, создавајќи волшебен призор.

Исто така, ја посетуваме улицата Ченгхуангмијао и квартот Синтијанди, кои го дополнуваат искуството.

**Сместување**
Хотел со 3* во Шангај **(1 ноќ)**

**Место**
Шангај (Shanghai)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Шангај City Tour

**Ден 4: Слободно време и лет за Ченгду**

По појадокот имаме го напуштаме сместувањето и уживаме во слободното време до летот за Ченгду. Пристигнување во Ченгду, главниот и најголемиот град на провинцијата Сечуан. Транфер до сместувањето. Ноќевање.

**Превоз**
Локален трансфер од сместување до аеродром
Авио карта со сите такси, на релација Шангај – Ченгду, во економска класа, со 20kg чекиран и 7kg рачен багаж.
Трансфер од аеродромот во Ченгду до хотелот.

**Сместување**
Хотел со 3* во Ченгду **(1 ноќ)**

**Место**
Шангај (Shanghai), Ченгду (Chengdou)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 5: Leshan City Tour**

Наутро тргнуваме на бесплатен излет до местото Лешан (Leshan), каде што ќе ја посетиме најголемата статуа на Буда во #ЦелСвет – Лешанскиот гигантски Буда, која се наоѓа на списокот на УНЕСКО за светско наследство. Статуата е висока 71 метри, а нејзината изградба започнала во 713 година, а завршена е во времето на династијата Танг. Најпрво го обиколуваме храмот Линиун, а потоа одиме и со бродче од каде ќе имаме убав поглед на самата статуа. Враќање во сместувањето во Ченгду. Ноќевање.

**Сместување**
Хотел со 3* во Ченгду **(1 ноќ)**

**Место**
Ченгду (Chengdou)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 6: Факултативен излет -- Резерват за панди и поаѓање за Тибет**

По доручек, одиме кон *резерватот за панди.* Го истражуваме животот на овие мистериозни животни и дознаваме некој детал повеќе за работата на резерватот.  Во попладневните часови се враќаме од резерватот и го посетуваме храмот Чингианг а подоцна заминуваме до улицата Џинли, каде што ќе имаме можност да ја пробаме автентичната кинеска кујна. Потоа заминуваме на железничката станица и тргнуваме со воз до Тибет. Се возиме со воз цела вечер.

**Превоз**
Ноќен воз од Ченгду до Ласа

**Сместување**
Хотел со 3* во Ченгду **(1 ноќ)**

**Место**
Ченгду (Chengdou), Ласа (Lhasa)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 7: Се возиме на највисоката железница на светот**

Сместени сме во удобни вагони за спиење и уживаме во погледот. Пред нас гледаме неверојатни висорамнини, големи градови кои никогаш не сте знаеле дека постојат и села кои нè потсетуваат на некое друго време . Ова значи возење на највисоката железница на #ЦелСвет. Се возиме со воз цела ноќ.

**Превоз**
Возење со воз од Кина до Тибет

**Ден 8: Пристигнување во Ласа**

Пристигнуваме во Ласа во претпладневните часови. Пред нас е Тибет во полн сјај со својата величественост. Трансфер до сместувањето и слободно време да се аклиматизираме на големата надморска височина. **Ноќевање.**

**Превоз**
Локален трансфер од железничката станица до сместувањето

**Сместување**
Хотел со 3* во Ласа **(1 ноќ)**

**Место**
Ласа (Lhasa)

**Ден 9: Го истражуваме градот Ласа**

Се будиме во неверојатниот Тибет! Пред нас е градот Ласа, главниот град на автономната област Тибет во Народна Република Кина. Градот се наоѓа на северниот брег на реката Ки, притока на Брамапутра во Трансхималаите. Надморската височина на Ласа е 3490 метри, што го прави еден од највисоките градови во светот. Се протега на повеќе од 10 километри во правец исток-запад. Обиколката ја започнуваме од Потала палатата, која била резиденција на Далај Лама до 1959 година, кога четиринаесеттиот Далај Лама побегнал во Индија. Палатата е висока 117 метри, долга 360 метри и има 13 спрата. Се состои од два дела – Белата палата, која има световна намена, и Црвената палата, која има религиозна намена. Денес палатата е под заштита на УНЕСКО. Потоа ги посетуваме Јокханг палатата, Музејот на Тибет и улицата Баркор. Враќање во сместувањето. **Ноќевање.**

**Сместување**
Хотел со 3* во Ласа **(1 ноќ)**

**Место**
Ласа (Lhasa)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 10: Манастирите во подножјето на планината Гефел**

По доручекот се упатуваме кон манастирите Дрепунг и Сера, кои се сместени во подножјето на планината Гефел. Дрепунг е најголемиот и најпознатиот манастир во Тибет, центарот на духовниот живот во оваа неверојатна земја. Останува уште да ја посетиме и познатата фабрика за тибетански теписи, која вработува преку 300 Тибетанци, а теписите од оваа фабрика се извезуваат ширум светот. Враќање во сместувањето. **Ноќевање.**

**Сместување**
Хотел со 3* во Ласа **(1 ноќ)**

**Место**
Ласа (Lhasa)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 11: Шигаце и околните области**

По појадокот, се упатуваме кон железничката станица и тргнуваме за Шигаце. Се возиме преку преминот Гампала (4790 м) за да го видиме езерото Јамдрок-цо кое се наоѓа на неверојатни 4400 м надморска височина. Езерото Јамдрок е опкружено со бројни планини покриени со снег, а во далечината можеме да имаме спектакуларен поглед на Светата планина Нјенчен Кангсар (7191 м), највисоката планина во близина на Ласа. Продолжуваме да ја истражуваме обалата на езерото од различни точки, се запознаваме локалните жители и нивните обичаи а притоа минуваме покрај глечерот Корола кој е патем најголемиот глечер на Тибет. Неговата големина и величестеност ќе не натера да ја почувствуваме вистинската моќ на природата.

Продолжуваме со патувањето до Џијантсе. На патот ќе застанеме на планинскиот премин Симила, каде што можеме да обесиме молитвени знамиња и да се помолиме за мир во светот и здравје на вашата фамилија. По пристигнувањето во Џијантсе, поминуваме некое време фотографирајќи го овој древен град. Од Џијантсе до Шигатсе, ќе поминеме покрај зелените (лете) и златните (есен) тибетански полиња со јачмен и безбројни фарми. Конечно, пристигнуваме во Шигатсе, вториот најголем град на Тибет. Откако ќе се пријавиме во хотелот, можеме да се одмориме и да се подготвиме за следниот дневен излет кон Монт Еверест. **Ноќевање.**

**Превоз**
Трансфер од Ласа до Шигаце

**Сместување**
Хотел со 3* во Шигаце **(1 ноќ)**

**Место**
Ласа (Lhasa), Шигаце

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 12: Патување низ Тибет до базниот камп на Еверест**

По доручек продолжуваме понатаму, најпрво низ преминот Ѓатсола (5280 м). На видиковецот Ѓатсола, за прв пат ќе го видиме Монт Еверест. Скриен зад планинскиот ланец, Еверест наликува на цвет од лотос, нудејќи впечатлив поглед покрај патот. Набргу по влегувањето во Националниот резерват на природата Монт Еверест, ќе уживаме во панорамски поглед на Хималаите на преминот Гавула (5198 м). На овој видиковец не дочекуваат петте највисоки врвови на Хималаите, вклучувајќи го и Еверест на чело. Ова е нашиот втор поглед на Еверест.

Потоа возиме по новиот цик-цак пат до базниот камп на Еверест (5200 м). Како што се приближуваме до базниот камп, величествениот Еверест постепено се открива пред нас, приближувајќи се со секој свиок. Ова го означува нашиот трет поглед на Еверест. Кога ќе стигнеме до базниот камп на Еверест, пред нас се издигнува колосалниот бел пирамидален врв на Монт Еверест. Додека денот преминува во приквечер, гледаме како златните нијанси на сонцето фрлаат топла светлина на северното лице на Еверест – нашиот четврти поглед. Како што паѓа ноќта, светкавиот Млечен Пат и снежно белиот врв на Монт Еверест го откриваат нашето петто и последно срeќавање со Еверест. **Ноќевање во гестхаус.**

**Превоз**
Трансфер од Шигацу до Џиронг

**Сместување**
Guest house **(1 ноќ)**

**Место**
Шигаце, Everest Base Camp

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 13: Пристигање во Гиронг**

Денес стигнуваме до границата кај Гиронг, сведоци сме на пејзажи кои ќе ги памтиме засекогаш а нас не очекува голема промена на надморската височина, од 5200 метри на 2800 метри. Наутро, пред да тргнеме од кампот, ќе го посетиме манастирот Ронгбук, највисокиот манастир на светот, каде монахињите и монасите живеат заедно на 5154 метри надморска височина. Потоа ќе ги преминеме Хималаите и ќе се возиме до Џиронг на кинеско-непалската граница. Не очекува пат од 380 километри, од снежни врвови кои се издигнуваат над 5000 метри се симнуваме кон бујни шуми и погледи на кањон на околу 2800 метри надморска височина.

Додека минуваме покрај планината Шишабангма (8027 метри), една од највисоките планини на светот над 8000 метри, ќе уживаме во блискиот поглед на трите главни врва на Шишабангма, како и во златниот сјај на езерото Пелку Цо под врвовите. Потоа, надморската височина драматично се намалува. Опколени сме од шуми, водопади и кањони без дно додека влегуваме на работ на Хималаите. Кога ќе стигнеме во долината Џиронг, не пречекува густа шума и снежни врвови над шумите. Овде ќе се збогуваме со Тибет. **Ноќевање.**

**Сместување**

Guest house **(1 ноќ)**

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Ден 14: Пристигнување во Катманду и слободно време**

Ја преминуваме границата со Непал и уживаме во возењето до Катманду. Добредојдовте во вистинска Азија – полни улици, мириси од храмови, зеленило и насмеани луѓе! Градот Катманду е историско и културно срце на Непал и претставува неверојатна мешавина на хиндуизам, тибетански будизам и западни влијанија. Се запознаваме со градот и се сместуваме. Ноќевање.

**Превоз**

Трансфер од Џиронг до Катманду

**Сместување**

Guest house **(1 ноќ)**

**Место**

Катманду

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Ден 15: Факултативен излет - Katmandu City Tour**

Спремни ли сте за Катманду? Пред нас е авантура во самиот град. Започнуваме со посета на плоштадот Дарбар, кој претставува срце на стариот град во религиозна и духовна смисла. Целиот комплекс на плоштадот Дарбар е под строга заштита на УНЕСКО. Патем, исто така, ги посетуваме храмот на живата божица **Кумари Бахал**, Старата кралска палата, Градините на соништата и храмот **Кастамандап**, кој е најстариот во долината. Потоа следи храмот Пашупатинат, еден од најважните хиндуистички храмови кој претставува едно од најголемите светилишта на Шива на индискиот потконтинент. Се состои од низа храмови, ашрами, слики и натписи кои низ вековите се изградени покрај бреговите на светата река **Багмати**, која е пандан на Ганг во Индија. Во рамките на овој комплекс се наоѓаат и гатовите на Катманду, каде се изведуваат церемонии на погребување, ритуално капење и молитви. Обиколката ја завршуваме кај ступата **Буданат**, најголемата ступа во долината на Катманду (40 метри), која претставува најзначајна будистичка ступа во светот. Враќање во сместувањето. Ноќевање.

**Сместување**

Хотел со 3* во Катманду **(1 ноќ)**

**Место**

Катманду

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**

Kathmandu City Tour

**Ден 16: Пристигнување во Њу Делхи и Факултативен Излет -- New Delhi City Tour**

Појадуваме и го напуштаме сместувањето во Катманду. Имаме трансфер до аеродромот на Катманду и одиме кон следната наша авантура, шарената Индија! Лет до Њу Делхи (New Delhi) – главниот град на Индија. Се сместуваме во Хотелот, пиеме масала чај и одиме во прошетка на Њу Делхи – Храмот Лакшми Нарајан, Портата на Индија, гробот на Махатма Ганди, Лотосовиот храм, Гробницата на Хумајун – претходник на Таџ Махал. Враќање во сместувањето. **Ноќевање.**

**Превоз**
Локален трансфер од сместување до аеродромот во Катманду
Авио карта со сите такси, на релација Катманду – Њу Делхи, во економска класа, со 20kg чекиран и 7kg рачен багаж
Локален трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
Хотел со 3* во Њу Делхи **(1 ноќ)**

**Место**
Катманду, Њу Делхи (New Delhi)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Њу Делхи City Tour

**Ден 17: Факултативен излет -- Таџ Махал**

Рано наутро тргнуваме во посета на Таџ Махал, најспектакуларната градба на светот која сјае и ја рефлектира светлината кога Сонцето е во својот зенит или на полна Месечина. Симболот на Индија и симболот на љубовта. Приказната за Шахот Џахан и убавата Мумтаз започнува на познатиот пазар, на местото каде што е
сега моќниот Таџ. Мумтаз продавала сол во кристали, а Џахан бил принц кој сакал да плати за кристалната сол како за дијаманти. Тоа било љубов на прв поглед која траела бесконечно, како во бајка. За 18-те години заеднички живот Мутаз му родила на својот принц 14 деца, но на последното породување починала. Споменикот на вечната љубов била нејзина желба. Изградбата на мермерната гробница, на која работеле 20.000 луѓе, илјадници слонови и камили, траела цели 22 години. Жад, корал, тиркиз, сафир, оникс, 28 видови на полудрагоцени и драгоцени камења се само дел од величественоста по која е познат Таџ. Овој подвиг го оставил Шахот Џахан без кралство како и без живот. Откако неговиот син го преземал престолот во 1685 година, го затворил својот татко во Црвената тврдина од која што Џахан можел да го гледа Таџ Махал како потсетник на вечната љубов, но и на банкротот на кралството. Последните денови од животот ги поминал таму се до неговата смртИсто така, го обиколуваме и Црвениот форт (Red Fort) во попладневните часови, уште една прекрасна градба на Раџапутите. Враќање во Њу Делхи. Трансфер до аеродромот.

**Сместување**
Хотел со 3* во Њу Делхи **(1 ноќ)**

**Место**
Њу Делхи (New Delhi)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Таџ Махал (Taj Mahal) и Црвената тврдина (Red Fort)

**Ден 18: Последен ден во Њу Делхи**

Се приближува крајот на нашата авантура во Азија. Го напуштаме сместувањето.  Овој ден имаме слобоно време да го прошетаме Њу Делхи, да докупиме по некој сувенир, да видиме уште по некој храм или да уживаме во локалната храна. Летот за Доха е во 16:50 часот, пристигнуваме во 18:25 часот. Ноќеваме во Доха.

**Превоз**
Локален трансфер од сместување до аеродром
Авио карта со сите такси, со преседнување, на релација Њу Делхи – Белград, во економска класа, со 25kg чекиран и 7kg рачен багаж

**Сместување**
The Royal Riviera Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Њу Делхи (New Delhi), Доха

**Ден 19: Пристигнување во Белград и крај на патувањето**

Лет од Доха во утринските часови. Пристигнување во Белгард на пладне.**Крај на патувањето.**

**Превоз**
Авио карта со сите такси на релација Доха – Белград, во економска класа, со 25kg чекиран и 7kg рачен багаж

**Место**
Доха, Белград

**Цени и услови**

**Што е вклучено**

Регуларна цена
**3.949,00** EUR

**Не е вклучено**

- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Виза за Непал
- Виза за Индија

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скенирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

Доколку се пријавите како **соло патник**, потребна е **доплата за еднокреветна соба**. Со цел да го избегнете овој трошок по пријавата ние ќе го рекламираме Вашето поаѓање на нашите социјални медиуми за да најдеме друг соло патник кој би сакал да дели сместување со Вас. Агенцијата нема обврска задолжително да Ве спои со друг соло патник доколку никој не се пријави. **Во тој случај, доплатата за еднокреветна соба останува** како ставка за плаќање од страна на пријавениот патник.

**Факултативни излети**

**Шангај City Tour**

**Цена**: **50,00** EUR

Најпрво одиме до дворците на Ју Јуан (или едноставно Ју дворец – што во превод значи градини на задоволството), кои се едни од најубавите дворци во цела Кина. Прекрасните градини се сместени во центарот на стариот дел на Шангај. Неизбежен ни е и Јујуан, кварт кој се крие меѓу бројни облакодери и се обидува да остане каков што е бил. Улиците се преполни со луѓе, продавници, прекрасни кинески куќи чија архитектура мора да ве восхитува. Вртовите Ју Јуан потекнуваат од 16 век, а за јавноста се отворени од 1961 година. На површина од околу 20.000 квадратни метри се сместени традиционални кинески павилјони, бројни езера и рибници, егзотични карпи, старо дрвје и прекрасни цвеќиња. Павиљонот е поделен на шест тематски зони. Еден од најпознатите делови на дворецот Ју Јуан е карпата од жад, сместена спроти салата Јухуа (салата е изградена како место од каде можете да ја набљудувате карпата). Станува збор за прекрасна карпа висока над три метри, која има 72 дупки. Посебноста на оваа карпа е што ако запалите свеќа под неа, димот магично ќе излегува низ сите 72 дупки. Доколку се налие вода врз карпата, истата ќе излезе низ сите дупки создавајќи прекрасен амбиент. Ја шетаме улицата Ченгхуангмијао, како и квартот Синтијанди.

**Kathmandu City Tour**

**Цена**: **45,00** EUR

**Факултативно разгледување на Катманду** - Нашата авантура започнува со посета на Буданат ступа, најголемата ступа во долината Катманду (40м) и најзначајната будистичка ступа во светот. Во близина има тибетски манастир, како и бројни занаетчиски продавници и галерии во кои се учи традиционалната техника на сликарство, сликање со втискување на златна во боите на платно - занает што бара долгогодишно искуство. Го посетуваме постхумниот храм *Pashupatinat*, еден од најважните хиндуистички храмови кој претставува едно од најголемите светилишта на Шива. Се состои од низа храмови, ашрами, слики и натписи создадени низ вековите, долж брегот на светата река Багмати која е еднаква на Ганг во Индија. Во рамките на овој комплекс се наоѓаат и места каде се вршат погребни церемонии, ритуално капење и молитва за починатиот. Го посетуваме и плоштадот Дарбар, кој го претставува срцето на стариот град во религиозна и духовна смисла. Плоштадот Дарбар и околината се под заштита на УНЕСКО. Го посетуваме и храмот на живата божица Кумари Бахал, старата кралска палата, градините од соништата и храмот Кастамандап кој е најстар во долината. Шетаме низ шарените улици каде се продава буквално сè, од кашмир и метален прибор, зачини, сушена риба, па сè до употребувана опрема за пешачење. Во цената на излетот е вклучено: локален водич на англиски јазик, превоз, билети за Буданат Ступа, плоштад Дарбар, Пашупатинат, Храмот на Божица Кумари, услуги од претставник на агенцијата. Во цената на излетот не е вклучено: оброци и пијалоци, бакшиш за локалните водичи и возачи, индивидуални трошоци.

**Њу Делхи City Tour**

**Цена**: **45,00** EUR

Главниот град на Индија и еден од најинтензивните градови во светот! Ќе посетиме некои од најпознатите атракции во овој град, а нашата авантура ја започнуваме со India Gate - изградена во 1931 година во спомен на индиските војници загинати во Првата светска војна. Спектакуларна порта која е често ставена на исто рамниште со Триумфалната капија во Париз. Потоа продолжуваме кон Храмот на Лотусот во Делхи - неспоредливо архитектонско уметничко дело и еден од најубавите храмови на цел свет. Храмот е изграден од бел мермер во форма на лотус цвеќе и е отворен за сите религии, нашето совршено место за медитација, мир и спокојство во бучниот Делхи. Го посетуваме и еден од најважните храмови кој благодарение на Ганди е отворен за сите касти и религии, а е посветен на божицата на успехот - Birla Mandir; Потоа ја посетуваме гробницата на Хумајун – прекрасен пример на архитектурата на Могулите - мавзолеј изграден во 16тиот век и е претходник на Таџ Махал. Нашата авантура продолжува кон местото каде Ганди ги поминал последните денови од својот живот и каде што денес се наоѓа неговиот меморијал и гробница - Raj Ghat. Со ова место раководи фондација која своите темели ги базира на филозофијата, идеалите, учењата, животот и службата на Ганди - „Таткото на Индија“.

Цената на екскурзијата вклучува: трансфер до локацијата, влезници, услуги на локален водич на англиски јазик, претставник од агенција.

**Таџ Махал (Taj Mahal) и Црвената тврдина (Red Fort)**

**Цена**: **80,00** EUR

Посета на Таџ Махал, најспектакуларната градба на светот која сјае и ја рефлектира светлината кога Сонцето е во својот зенит или на полна Месечина. Симболот на Индија и симболот на љубовта. Приказната за Шахот Џахан и убавата Мумтаз започнува на познатиот пазар, на местото каде што е сега моќниот Таџ. Мумтаз

продавала сол во кристали, а Џахан бил принц кој сакал да плати за кристалната сол како за дијаманти. Тоа било љубов на прв поглед која траела бесконечно, како во бајка. За 18-те години заеднички живот Мутаз му родила на својот принц 14 деца, но на последното породување починала. Споменикот на вечната љубов била нејзина желба. Изградбата на мермерната гробница, на која работеле 20.000 луѓе, илјадници слонови и камили, траела цели 22 години. Жад, корал, тиркиз, сафир, оникс, 28 видови на полудрагоцени и драгоцени камења се само дел од величественоста по која е познат Таџ. Овој подвиг го оставил Шахот Џахан без кралство како и без живот. Откако неговиот син го преземал престолот во 1685 година, го затворил својот татко во Црвената тврдина од која што Џахан можел да го гледа Таџ Махал како потсетник на вечната љубов, но и на банкротот на кралството. Последните денови од животот ги поминал таму се до неговата смрт. Red Fort (Црвената тврдина) во Агра е големо здание на припадниците на Раџпут (Rajput) - воена каста во Индија. Направена е за одбрана на кралството и до ден денес е во функција, но само 20% од зградата е отворена за јавноста и посетителите. Одбранбени тунели, натпреварувачки простории, кралски одаи, прв природно климатизиран простор и телефонија, најубавиот стар затвор на светот се само дел од она што ќе го видиме во Red Fort. Враќање во Делхи во вечерните часови. Пауза за појадок на патот кон Таџ Махал, а паузата за ручек е по посетата на двата локалитети или по првиот, во зависност од временските услови.

Во цената на излетот е вклучено: локален водич на англиски јазик, превоз, билети за Таџ Махал и Црвена тврдина, услуги од претставник на агенцијата.

**Сместување**

**Хотел со 3* во Шангај** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелско сместување со 3 ѕвезди по локална категоризација. Хотелот располага со двокреветни соби. Сите соби имаат сопствен тоалет. Услугата е на база на ноќевање со доручек (континентален доручек).

**Хотел со 3* во Ченгду** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелско сместување со 3 ѕвезди по локална категоризација. Хотелот располага со двокреветни соби. Сите соби имаат сопствен тоалет. Услугата е на база на ноќевање со доручек (континентален доручек).

**Хотел со 3* во Ласа**

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелско сместување со 3 ѕвезди по локална категоризација. Хотелот располага со двокреветни соби. Сите соби имаат сопствен тоалет. Услугата е на база на ноќевање со доручек (континентален доручек).

**Хотел со 3* во Шигаце** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелско сместување со 3 ѕвезди по локална категоризација. Хотелот располага со двокреветни соби. Сите соби имаат сопствен тоалет. Услугата е на база на ноќевање со доручек (континентален доручек).

**Guest house**

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Сместувачки објект типичен за подрачјето на Азија. Собите се едноставни, во главно малку пространи, со два или три кревети и сопствен тоалет. Услугата е на база ноќевање.

**Хотел со 3* во Катманду** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелско сместување со 3 ѕвезди по локална категоризација. Хотелот располага со двокреветни соби. Сите соби имаат сопствен тоалет. Услугата е на база на ноќевање со доручек (континентален доручек).

**Хотел со 3* во Њу Делхи** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелско сместување со 3 ѕвезди по локална категоризација. Хотелот располага со двокреветни соби. Сите соби имаат сопствен тоалет. Услугата е на база на ноќевање со доручек (континентален доручек).

**The Royal Riviera Hotel** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелот **The Royal Riviera Hotel 4*** е хотел со четири ѕвезди според локалната категоризација. Располага со двокреветни и трокреветни соби. Наоѓа се во центарот на Доха, на 20 минути возење од аеродромот Хамад. Услугата е на база на ноќевање.

**Сајт**
https://www.theroyalrivierahotel.com.qa/

**Адреса**
THE ROYAL RIVIERA HOTEL DOHA Al – Saflya Street Old Salateh Corniche P.O. Box: 29444 Doha
Qatar

**Превоз**

**Места**

**Белград**

Белград (српски: Београд или Beograd) е главен град и најголем град во Србија. Градот се наоѓа на устието на реките Сава и Дунав во централна северна Србија, на местото каде што Панонската Низина се сретнува.

**Доха**

Доха е главен град и најголем град на државата Катар. Се наоѓа на североисточниот ден на катарскиот полуостров и излегува на персискиот залив. Аеродромот во Доха е еден од најпрометните и е поврзан со поголемиот дел од светот.

**Шангај (Shanghai)**

Еден од најголемите градови на Кина и морско пристаниште на утоката на реката Хунагпу во реката Јангце. Најголем сообраќаен, трговски и индустриски центар во земјата. Еден од еколошки најзагрозените градови на светот, синоним за грев, авантуризам и богатство.

**Ченгду (Chengdou)**

Ченгду (Chengdou) е град во провинцијата Сечуан и главен економски центар во средишниот дел на Кина. Тој е познат историски и културен град со историја од преку 3.000 години. Служи како покраински центар за политика, економија, култура и транспорт. Познат како земја на изобилие, Ченгду може да се пофали со обилни локални производи, пријатна клима, голем број на живописни места, убави традиционални ракотворби, добро познати како во земјата, така и во странство. Исто така, познат е и како “престолнина на пандата“.

**Ласа (Lhasa)**

Главен град на автономната област Тибет во Н.Р. Кина. Градот се наоѓа на северниот брег на реката Кји, притоката Брамапутра во Трансхималаји. Надморската висена на Ласа е 3490 метри, и по тоа тој е еден од највисоките градови во светот. Се протега на повеќе од 10 километри во правец исток-запад. Најголема знаменитост на градот е палатата Потала.

**Шигаце**

Шигатсе, официјално познат како Сигасе (тибетански: ■■■■■■■■■■■, Wylie: gzhis ka rtse, ZYPY: xigazê) или Рикасе (кинески: □□□; пинјин: Rìkāzé),[1][2] е град на ниво на префектура во Автономниот регион Тибет на Народна Република Кина. Неговата јурисдикција, со површина од 182.000 км2 (70.271 милји²), одговара на историскиот регион У-Цанг на Тибет.

**Everest Base Camp**

**Еверест Базен Камп (Everest Base Camp)** е една од најпознатите и најпосетуваните локации во светот, сместена на подножјето на највисокиот врв на планетата, Монт Еверест (8.848 метри). Овој камп служи како почетна точка за искачувачите кои се подготвуваат да се искачат на врвот, но и како крајна дестинација за илјадници авантуристи и љубители на природата кои доаѓаат да ја доживеат величественоста на Хималаите.

**Катманду**

Главен град на републиката Непал. Претставува туристички, културен и будистички ходочесен центар. Во стариод дел на градот се истакнува монументалната Кралска палата. Има околу 900 000 жители и секоја година го посетуваат милиони туристи.

**Њу Делхи (New Delhi)**

Главен град на Индија. Претставува втор по големина град по број на жители во Индија и осми во светот. Во него живеат околу 22 милиони жители. Градот е богат со културно историско-наследство, од кое дел е под заштита на UNESCO како на пример Qutub комплексот и Хумајановиот гроб.

**Корисни информации**

**Индија**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

Република Индија е седма држава во светот по големина, а втора по број на жители. Индија е република со парламентарен систем на демократија и се состои од 28 држави и 7 сојузни територии. На југот, Индија излегува на Индискиот океан, на запад на Арапското море, а на исток на Бенгалскиот залив. Копнено се граничи со Пакистан на запад, со Кина, Непал, Бутан на север, а Бангладеш и Мјанмар на исток.

**Површина:** 3.287.590 km2

**Број на жители:** 1,324 милијарди
**Главен град:** Њу Делхи (New Delhi)
**Јазици:** хинди и англиски и 21 национален јазик
**Вера:** Хиндуизам, Будизам, Џаинизам и Сикизам настанале во Индија. Од религии во Индија е најзастапен хиндуизмот со 80,5%, потоа исламот 13,4%, христијанството 2,3% и останатите религии со 3,8% од населението.

**2. ВИЗА**

На државјаните на Р.С. Македонија им е потребна виза за Индија. За истата може да аплицира, плати и добие online. Пасошот мора да биде важечки најмалку 6 месеци по враќањето од патувањето (минимум 3 слободни страници).

**3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА**

UTC +5:30

**4. КЛИМА**

Климата во Индија е суптропска, тропска и екваторска. Индискиот потконтинент има изразито монсунска клима во лето и од крајот на април до октомври, од Индискиот океан дуваат топли и влажни ветрови кои носат доста врнежи. Преовладува тропско-монсунска клима. Средна јануарска температура е од 11-12 степени во подножјето на Хималаите, а 27-28 степени на југот, јулската температура е од 20 до 35 степени со огромна количина врнежи. Најголема количина врнежи забележана е во Асам (11мм) кој се наоѓа во североисточна Индија. Со вештачко наводнување усевите успеваат и во зима. Билниот свет е многу богат со прашуми, џунгли, савани, застапена е и средоземна вегетација. Монсунската клима, топла и периодично влажна е услов за наведената вегетација и животинскиот свет.

**5. ХРАНА**

Индија ги буди сите сетила и чувства, што значи дека тука може да почувствувате с освен рамнодушност. Таква е и гастрономијата на оваа огромна земја. Индиската кујна може да се подели на четири региони во склад со страните на светот, иако внатрешно во тие региони има понатамошни поделби. На истокот најпозната е бенгалската кујна. Храната се служи на талија, специјален послужавник каде централно место завзема голема чинија со ориз, а од страните мали чинии со други јадења. Иако во нивното припремање често користат житарки, мешунки па и зеленчук, највкусниот тип е припремен од млечни производи. Најчести зачини и состојки користени во оваа кујна се синапот, чили, ѓумбир, коријандер и неговите листови, зелен кардамом, *panch phoron* (мешавина од пет зачини во еднаква мера: пискавец, анасон, кумин, црно семе калонџи и синап), куркума, кумин, калонџи, коморач, синап, сусам, јогурт, брашно од леблебија, масло од горчица и гхее, прочистена млечна маст односно прочистен путер. Западна Индија ја сочинуваат четири различни кујни. Во секое јадење се става најмалку еден прстоват шеќер, а нивното традиционално тали понекогаш е сочинето од дури 10 јадења (ориз, пециво, зачинет јогурт, разни видови мешунки и фарсана (грицки), суби (назив за јадење од зеленчук), десерти и *khichdi.* Во регионот на Гоа, најмногу се користи чили, шеќер, сусам, орашасто овошје и брашно од леблебија. Ражастан регионот е една од најпопуларните туристички дестинации. Недостатокот на вода за готвење го замениле со пржење во *gheea*, што на јадењата им дава посебен шмек. Северноиндиската храна е богата и со силен вкус. Многу се застапени *chapati* и *roti*, видови пецива кои се прават без квасец и со додаток зачини. Се смета дека од овој регион поттикнуваат највкусните *dhali,* јадење од леќа во кое се додава кари смеса. Најчести зачини и состојки се коријандер, кумин, суви чили пиперчиња, куркума, цимет, кардамом, гарам масала и анасон. Јужноиндиската покранина е карактеристична по сочната и лута храна. Главната состојка е оризот и разните зготвени јадења од зеленчук. Значајно е и суби од патлиџан, бамјите и зеље, кокосот и кокосовото млеко кое како дел од многу јадења ја гаси јужњачката лутина. Зачините кои најмногу се користат во овој регион се листовите кари, горчица, асафетида, бибер, тамаринд, пискавец и чили.

**6. ВАКЦИНИ И ЗДРАВСТВЕНА СИТУАЦИЈА**

Ниедна вакцина не е неопходна за патување во Индија, но ги советуваме нашите патници да се консултираат со лекар и да одлучат дали би сакале да примат некоја вакцина. Најдобро е да се посоветуваат со Институтот за Јавно здравје. Пожелно е да се понесат лекови за стомачни проблеми (пробиотици), Фервекс или некои лекови за болка и температура за секој случај. Општата санитарна ситуација во Индија е сложена и бара големо внимание при конзумирање вода, храна и одржување лична хигиена. Не се препорачува конзумирање вода од чешма туку исклучиво флаширана.

**7. ОСИГУРУВАЊЕ**

Здравственото осигурување не е задолжително но е препорачливо. Може да подигнете од било која осигурителна куќа или да уплатите во нашата агенција до 5 дена пред патувањето.

**8. БЕЗБЕДНОСТ**

Опасноста од елементарни непогоди во Индија е изразена во периодот на летните монсунски дождови кои периодично паѓаат во интервал јуни/јули до сепрември/октомври. Поради поголемите елементарни непогоди предизвикани од монсуните кои најмногу ги погаѓаат руралните подрачја се формираат кризни служби кои на лице место укажуваат неопходна помош односно вршат евакуација. На територијата на Индија генерално не постои отворена опасност од вооружени напади ниту пак висок степен на криминал. Потребно е да се води сметка околу почитувањето на локалните обичаи и придржување до истите.

**9. ПАРИ**

Официјалната валута во Индија е индиската рупија- INR (една рупија содржи 100 пајса). На патувањето може да понесете евра или долари. Односот е 1 EUR = 70 INR, а 1 USD е околу 60 INR. Постои можност за користење платежни картички, пред с на банкомати, но не треба премногу да се ослонувате на тоа. Провизијата не е голема, но потребно е да се провери со матичната банка.

**10. КОМУНИКАЦИЈА**

Нашите мрежи функционираат во Индија. Во однос на роаминг цените, проверете на страницата на Вашиот мобилен оператор. Можете да купите и локална картичка која не е скапа. Во однос на интернет и WiFi, конекцијата може да биде побавна, но е сосем доволна за основна комуникација.

**Кина**

- **Кина** официјално Народна Република Кина, е држава во источна Азија. Има брег долг 14.500м и се граничи со Виетнам, Лаос, Мјанмар, Индија, Бутан, Непал,

Пакистан, Авганистан Таџикистан, Киргистан, Казахстан, Русија, Монголија и Северна Кореја. Главен град е Пекинг. Четврта по големина земја на светот и најбројна со преку 1.5 милијарди жители. Еднопартиска држава со владеење на Комунистичката партија на Кина. Административно е поделена на 22 провинции, 5 автономни региони, 4 директно контролирани општини и 2 региони со специјален статус (Хонг Конг и Макао).

- **Виза:** За државјаните на Р.С. Македонија потребна е виза. Визата се вади лично во Кинеска амбасада- Скопје и чини 3.140,00 мкд.
- **Здравствена ситуација:** Санитарната ситуација во Кина е добра, без подрачјата на кои би имало епидемија или заразни болести. Здравствената служба е добро организирана, а изборот на медицински установи е голем пропорционално со големината на градовите. При посета на Тибет, заради нискиот притисок и разредениот воздух на таа надморска височина, потребно е посебно внимание. Можна појава е отежнато дишење, вртоглавици, нервоза, забрзана работа на срцето, крварење од нос, болка во мускулите и слично. Се препорачува покрај соодветната исхрана и лесните вежби, побавно движење со помалку багаж, а во случај на реакција на надморската височина, треба да се земе кислород. Во посериозни ситуации, може да се побара помош во болниците кои се наоѓаат на пониска надморска височина. Лицата кои имаат проблеми со срцето, висок крвен притисок или астма не се препорачува патување на Тибетското плато.
- **Временска зона:** Кина се наоѓа во UTC+08:00 временска зона, односно +6ч во однос на Македонија.
- **Клима:** Најголем дел на Кина се наоѓа во умерена климатска зона под влијание на монсуни. Од септември/октомври до март/април дуваат ветрови од Сибир и Монголија. Што појужно одиме нивната јачина се намалува. Предизвикуваат сува и студена зима и доведуваат до големи температурни разлики (и до 40 целзиусови степени) во однос на југот на земјата. Во лето, монсуните дуваат од океанот и носат топол, влажен воздух и дожд. Големината на земјата и разноликоста на релјефот предизвикуваат големи климатски разлики во различни делови на земјата. На пример, северниот дел на провинцијата Хеилонгјанг(североисточна Кина) нема вистинско лето, додека провинцијата Хаинан нема зима. Долината Хуаихе има четири годишни времиња. Западниот дел на Тибетанската висорамнина е целата година покриен со снег, а јужниот дел на висорамнината *Yunan-Guizhou* има пролетна клима во текот на целата година. Северозападниот дел на внатрешните региони на Кина се карактеризираат со големи осцилации на температурата во текот на денот. Долж источниот брег количината на дожд изнесува околу 1500мм, додека во внатрешните северозападни краеви едвај достигнува 50мм.
- **Храна и пијалок:** Кинеската кујна се базира првенствено на ориз, зеленчук и месо кои се служат со разновсрни прилози, како и варијација на нудли, супа и зеленчук. За подготовка на јадењата најчесто се користи сусамово масло, ферментирана паста од грав, соја сос, сол, кромид, ѓумбир, бибер, ферментирана чили паста и зелка. Најефтиниот оброк може да го најдете во ресторантите за брза храна и ќе ве чини од 5-7еур. Во малку полуксузни ресторани оброците се во просек од 10-20еур.
- **Сигурност:** Кина важи за држава со висок степен на јавен ред и мир, но секако треба да внимавате на ситни криминалци и кражба.
- **Облека:** Без разлика дали во Кина патувате во пролет или во есен, се препорачува слоевито облекување заради разликите помеѓу утринските и попладневните температури. Ви советуваме да понесете удобна облека како и јакна за вечерните часови.
- **Локална валута:** Официјалната валута на Кина е Јуан (CNY) и е единственото дозволено средство за плаќање. Плаќање со странска валута не е дозволено. По последниот курс 1еур=7,5 јуани, 1$ = 6,4 јуани. Може да се користат и платежни картички American Express, VISA, Diners Club и Master Card, но мора да ви напоменеме дека често се случува да не поминуваат платежните картички и ви советуваме да се потпрете исклучиво на готовина.
- **Струја:** Во Кина, стандардната волтажа е 220 волти и се користат три типа адаптери за електрична енергија: со два сплоснати влезови, со три сплоснати влезови и стандарден европски кој се користи и во Македонија.

**Непал**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

Главен град: Катманду (околу 2 милиони жители)
Површина: 147.181 km²
Број на жители: 31.5 милиони
Јазик: Непалски, но можете да користите и Англиски
Вероисповед: хиндуизам преку 80%, будизам околу 9%, ислам околу 4%
Локално време: UTC + 5:45ч
Валута: Непалски Рупии

**2. ВИЗИ**

За влез на територијата на Непал, на државјаните на Република Северна Македонија им е потребна виза која се добива на влез во Непал. Не е потребно поднесување на документација, туку само се пополнува формулар и понесете фотографија на бела позадина со димензии 3,5 x 4,5. Цената изнесува околу 30 евра. На територијата на Непал не постои амбасада на Република Северна Македонија, туку е одговорна амбасадата во Њу Делхи (Индија). Со себе понесете и фотокопија од пасошот. Од неодамна е воведен нов принцип на добивање на виза за Непал. Кога ќе слетате на аеродром потребно е да одите до апаратот кој се наоѓа од лева страна и на кој ќе пополните електронска апликација за виза. Најпрво се скенира пасошот, потоа на апаратот се пополнува формулар (лични податоци, назив на хотелот и адреса, потоа се фотографирате на апаратот). Кога ќе зсавршите со успешно внесување на податоците, апаратот исфрлува документ со кој одите до пултот кој тогаш ќе се најде на вашата десна страна. Тука го предавате тој документ, ќе кажете дека вадите виза за 15 дена, ќе платите и дури тогаш ќе застанете во редот за визирање. Тука е важно да застанете во редот за пултот на кој пишува visa 15/30 days. За секој случај понесете две фотографии на бела позадина.

**3. ЛЕТ**

На турата Непал се лета со авиокомпанијата Fly Dubai (со преседнување во Дубаи) или Qatar Airways (со преседнување во Доха). Доколку сакате да излезете од аеродромот и да го посетите Дубаи морате да имате виза, за чие издавање поднесувате барање пред поаѓање на патувањето. Доколку сакате да излезете од аеродромот и да ја посетите Доха морате да имате транзитна виза, која морате да ја обезбедите пред поаѓање на патувањето.

**4. ВРЕМЕ**

Временската зона е UTC+5:45. Непал не преминува на летно сметање на времето, така да во зима разликата е +4:45ч пред С. Македонија, а во лето +3:45ч напред.

**5. ВАКЦИНИ И ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА**

За влез на територијата на Непал вакцинација не е потребна. Водата не е за пиење, се користи исклучиво флаширана вода и се избегнува лед. Од лекови со себе понесете лекови за редовна терапија доколку ја примате, пробиотик, лекови за снижување на телесна температура, лекови против болка, односно лекови кои

генерално ги носите со себе на патување. Задолжително понесете со себе и крема за сончање и Аутан. Препорака е да имате здравствено осигурување. Во Непал водете сметка за пијавици на трегингот.

**6. КЛИМА**

Непал има типична монсунска клима. Сувиот период е од октомври до мај, додека влажниот (монсунски) период е од јуни до септември. Интервалите помеѓу овие два главни периоди - од септември до ноември и од март до мај - се сметаат за најпогодни за престој во Непал. Просечна максимална дневна температура е 16 во јануари - 25C во јули, ноќна и најниска околу 2 во јануари - 17C во јуни. Распонот на температурата во Катманду е помеѓу 15-30C.

Состојба во врска со земјотреси: Непал е многу трусно подрачје но е безбедно. Штетата од претходниот земјотрес се санира, така што е безбедно да одите во оваа земја.

**7. ХРАНА**

Традиционалната исхрана опфаќа пилешко, говедско (во вид на скара или гулаш), ориз, овошје и зеленчук. Овошјето измијте го со флаширана вода или излупете го. Задолжително пробајте ги јадењата Момо, Ласи, пилешко со мед и бамбус, пилешко со кари. Јадењата умеат да бидат многу лути така што доколку не сте љубител на лута храна задолжително нагласете кога нарачувате. Задолжително пробајте го и прочуеното пиво Еверест.

**8. БЕЗБЕДНОСТ**

Непал е безбедна дестинација. Навечер не е пожелно да се движите по улиците, особено надвор од групата. Избегнувајте продавачи на опојни средства, сите опијати се забранети и нелегални. Водете сметка кога фотографирате, затоа што доколку сакате да фотографирате некого, за тоа мора претходно да прашате. Пред храмовите задолжително собујте ги обувките и водете сметка за следното: често ќе морате да ги соблечете сите предмети од кожа кои ги носите на себе, не смеете да се искачувате на хиндуистичките храмови и никако не смеете да фотографирате Кумари.

**9. ОБЛЕКА**

Од облека потребна е летна и лесна гардероба, но задолжително со себе понесете и нешто со долги ракави и долги панталони пред се поради авионите но и можноста за пад на температурите, пред се навечер. Задолжително понесете и дуксер и неколку пара на панталони. Се подразбира и удобни обувки поради обиколка на градовите, трекинг и истражување на џунглите. Долги ракави и долги панталони се препорачуваат и како заштита од комарци.

**10. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА**

Валутата која е во оптег е Непалски Рупии и односот е околу 1ЕУР = 120 рупии, 1$ = 107 рупии.
Сеедно е дали ќе понесете долари или евра. Во некои менувачници можете да се ценкате за курсот, доколку се работи за поголем износ. Банкомати постојат но не се лесно достапни. За детали посоветувајте се со Вашата банка и задолжително пријавете заминување во странство поради можност од блокирање на картичките.
На пазарите, продавниците за сувенири и кај уличните продавачи секогаш ценкајте се, затоа што тоа е обичај. Покрај ценкањето обичај е и оставање на бакшиш.

**11. ИЗЛЕТИ**

На патувањето во Непал факултативните излети чинат околу 170 евра.

**12. КОМУНИКАЦИЈА**

Нашите мрежи во поголемите случаи не работат на територијата на Непал. Речиси сите сместувања имаат wi-fi.

**13. СТРУЈА**

Што се однесува до електричната енергија, напонот е ист како и кај нас така што не ви се потребни адаптери.

**14. ПОСЕБНА НАПОМЕНА**

На патувањето во Непал постои целодневно возење од Катманду до Покара и од Покара до Дуликел.

**15. СУВЕНИРИ**

Доколку купувате предмети поврзани со будизам, Ве соведуваме да не земате глава на Буда, затоа што тоа се смета на неприкладно.
**Од сувенири препорачуваме:** традиционална облека и материјали, предмети и скулптури од дрво, традиционална музика, накит, предмети поврзани со религиите хиндуизам и будизам, производи од пашмина и јарешка волна, предмети произведени во тибетантските бегалски кампови...

**Тибет**

**TIBET**

- **Tibet** je visoravan koja se nalazi u centralnoj Aziji, severoistočn od Himalaja, koja predstavlja tradicionalnu postojbinu Tibetanaca i drugih etničkih grupacija, u kojoj takođe živi brojna zajednica Han Kineza i Huija. Tibet predstavlja najvišu oblast na svetu, sa prosečnom nadmorskom visinom od 4900m i često se naziva Krovom sveta. Najveći deo istorijske regije Tibet danas se nalazi u sastavu Narodne Republike Kine.
- **Vize:** Za državljane Republike Srbije za boravak na Tibetu potrebna je posebna dozvola koju obezbeđuje turistička agencija.
- **Zdravstvena situacija:** Prilikom posete Tibetu, zbog niskog pritiska i razređenog vazduha na nadmorskoj visini platoa, neophodna je posebna pažnja. Moguća je pojava poteškoća sa disanjem, vrtoglavice, nervoze, ubrzanog rada srca, krvarenja iz nosa, bolova u mišićima i slično. Inače se preporučuje, pored adekvatne ishrane i laganih vežbi, sporije kretanje sa manje prtljaga, a u slučaju reakcije organizma na nadmorsku visinu, treba se zaustaviti i uzeti kiseonik. U ozbiljnijoj situaciji pomoć treba potražiti u bolnicama koje se nalaze na nižoj nadmorskoj visini. Licima koja imaju srčana oboljenja, visok krvni pritisak ili astmu ne preporučuje se putovanje na plato.
- **Vremenska zona** - Tibet se nalazi u UTC+08:00 vremenskoj zoni, odnosno + 6h u odnosu na Srbiju.
- **Klima –** Na nadmorskoj visini od 3656 metara, Lasa ima više od 300 sunčanih sata godišnje. Poznatija i pod nazivom Gradom Svetlosti u Tibetu, klima je poprilično blaga preko cele godine gde leta i zime nisu previše naglašene usled njene pozicije unutar doline koja je čuva od ekstremnih temperaturnih razlika i jakih vetrova. Godišnje

padne oko 500 milimetara kiše i uglavnom kiša pada noću dok su dani puni sunčeve svetlosti. Ono što je karakteristično jesu drastične temperaturne razlike između dnevnih i noćnih temperatura, gde razlika ide čak i do 20 stepeni.

- **Hrana i piće** – Hrana predstavlja kulturni miks svojih zemalja suseda, uključujući Indiju i Nepal. Najčešće se koriste nudle, jagnjetina, jak, ovčetina, knedle, sir (uglavnom od mleka jaka ili koze), puter, jogurt i supe.
- **Sigurnost** - Tibet važi za državu visokog nivoa javnog reda i mira, i navodno je sigurnija od Kine, ali svakako treba biti na oprezu od sitnih kriminalaca i krađe.
- **Odeća:** Bilo da putujete na Tibet u proleće ili jesen, preporučuje se slojevito oblačenje zbog razlike između jutarnjih i podnevnih temperatura. Svakako vam savetujemo da ponesete udobnu obuću kao i deblju jaknu za večernje sate.
- Lokalna valuta - Zvanična valuta na Tibetu je Juan (CNY) i to je jedino dozvoljeno sredstvo plaćanja. Plaćanje stranom valutom nije dozvoljeno. Prema poslednjem kursu 1e=7,5 juana, 1$ = 6,4 juana. Menjačnica na Tibetu nema mnogo i sav novac bi trebali zameniti u Kini pre polaska na put. Aparati za kreditne kartice su izuzetno retki.
- **Struja:** Na Tibetu je standardna voltaža 220 volti i koriste se tri tipa adaptera za električnu energiju: sa dva pljosnata ulaska, sa tri pljosnata ulaska I standardni evropski koji se koristi u Srbiji.

**Важни напомени**

**Напомени:**

**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е JUNGLE TRAVEL од Србија со лиценца OTP 162/2020.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА JUNGLE TRAVEL D.O.O. од Белград.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ усклaдени со YUTA  стандардот.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, JUNGLE TRAVEL, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект.

Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).

- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците коио патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. Jungle Travel не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не посеуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.

Во согласност со одредбите од Законот за туризам на Република Србија, Организаторот на патувањето има депозит во висина од 7500,00 ЕУР и гаранција за патување за категорија на лиценца А35 во висина од 350.000,00 ЕУР, која во случај:

А) на инсолвентност на Организаторот на патувањето, се обезбедуваат:
1. трошоци за нужно сместување, исхрана и враќање на патниците од патувањето, до местото на поаѓање во земјата и странство,
2. побарување на уплатените средства на Патниците по основ на Договорот за туристичку патување, кое Организаторот на патувањето не го реализирал,
3. побарувања на уплатените средства на Патниците во случај на откажување на патувањето од страна на Патниците, во согласност со Општите Услови за Патување,
4. побарување на разликите међу уплатените средства по основ на Договор за туристичко патување и средствата намалени сразмерно за неизвршување или непотполно извршување на услуги, опфатени со Програмата на патување и во случај:

Б) Надокнади на штета која е нанесена врз Патникот со неисполнување, делумно исполнување или неуредно исполнети обврски на Организаторот на патувањето, кои се одредени со Општите услови и Програмата на патување:
1. За побарување на уплатените средства на Патникот по основ на Договор за туристичко патување кое Организаторот на патувањето не го реализирал и
2. За побарување на разлики међу уплатените средства по основ на Договорот за туристичко патување и средствата намалени сразмерно за неизвршена, или непотполно извршени услуги кои се опфатени со Програмата на патување.

Периодот на покритие на Гаранцијата за патување трае од датумот на нејзино издавање, па се до завршувањето на туристичкото патување, односно до враќање на Патниците на договореното одредиште.

Гаранција по Договорот за Гаранција на патување број 0013/2020 од 10.01.2020, склучено со договарачот на осигурување - Националната асоцијација на туристички агенции ПУ “YUTA", Белград, ул. Кондина бр. 14, Полиса број 300067826 од 14.01.2020. Акционерско друштво за осигурување ДДОР НОВИ САД, Гаранцијата за патување се активира без одложување, односно во рок од 14 дена од денот на настанување на осигураниот случај, кај Националната асоцијација на туристички агенции ПУ “YUTA", +381 11 3228 686, по пишан пат или телеграма на адреса YUTA, Белград, ул. Кондина бр. 14, или на e-mail: garancijaputovanja@yuta.rs.

(Патникот своите права за надокнада на штета ги остварува врз основа на правосилни и извршни судски пресуди, односно одлуки на Арбитражниот суд или други вон-судски решенија на потрошувачки спор, во согласност со овие Општи услови и Општите услови на YUTA.)